# ПОГЛАВЈЕ XII. ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

**ВОВЕД**

XII.1 СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И ИТНО РЕАГИРАЊЕ

XII.1.1 Подрачје на примена и одговорности

XII.1.2 Идентификување на потенцијални незгоди и вонредни состојби

XII.1.3 Планирање на активности во случај на незгода или вонредна состојба

XII.1.4 План за спречување на настанување на пожар

XII.1.4.1 Проценка на загрозеноста од пожари

XII.1.4.2 Мерки за спречување и настанување на пожар

XII.1.4.3 Мерки за дејствување при пожар

XII.1.4.4 Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар

XII.1.5 Мерки за заштита од електрична струја

XII.1.6 Громобранска инсталација

XII.1.7.Хидранти

XII.1.8 Вежби

XII.1.9 Мерки за заштита од истекување

XII.1.10 Прва помош

XII.1.11 Безбедност и здравје при работа

XII.2 ДРУГИ ВАЖНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Попис на прилози**

**ВОВЕД**

Во ова поглавје се опишуваат постоечките и/или предложените мерки, вклучувајќи ги и процедурите за итни случаи со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување. Се презентираат и превземените мерки како одговор на итни случаи надвор од работното време т.е. ноќно време, викенди и празници, како и постапките во случај на услови различни од вообичаените, вклучувајќи пуштање на опрема во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

Тимот за заштита на животната средина на Свињарската фарма Уни Агро доо Велес, постојано ги контролира активностите кои што се изведуваaат во Фармата за свињи, при што ги идентификува случаите кои можат да излезат од контрола и да предизвикаат негативни последици во работењето и негативно влијание врз животната средина.

Операторот презема соодветни техники и организациски мерки за превенција и избегнување на итни ситуации. Операторот има развиено и применува План за реагирање при вонредни ситуации и околности, елементарни непогоди и кризни ситуации.

Од страна на Управителот е изработена процедура во која се опишува начинот на кој системот се справува во итни ситуации. Процедурата се стреми кон соодветна подготовка на организацијата за справување со сите вонредни состојби со цел ефикасно спречување или минимизирање на последиците преку соодветни планови за справување со вонредни состојби.

## XII.1 СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И ИТНО РЕАГИРАЊЕ

### XII.1.1 Подрачје на примена и одговорности

Постапката за делување во случај на незгода се применува во сите организациски делови на Инсталацијата, за сите активности, производи и услуги, кои што може да имаат влијание врз животната средина. Управителот е одговорен да ја обезбеди опремата за делување во случај на незгода или вонредна состојба. Исто така од страна на Управителот се врши одобрување на Планот за делување во случај на незгода или вонредна состојба, а истиот е изработен од страна на одговорно лице.

### XII.1.2 Идентификување на потенцијални незгоди и вонредни состојби

Одговорното лице на Операторот во соработка со лицето за заштита на животната средина, врз основа на важечките законски прописи за животна средина, како и врз основа на долгогодишното работно искуство вршат идентификување на потенцијалните незгоди и вонредни состојби.

Потенцијалните незгоди од складирањето на суровините, производите и отпадите во Инсталцијата се сведени на минимум поради природата на самата дејност. Основните суровини се животните (свињите во различни фази на развој), чиј третман и одгледување се врши во планирани и дефинирани услови. Добиточната храна се доставува во одредени количини и се складира во силоси пред секој од објектите, без чување на големи количини на подолг рок, Можноста од расипување на храната не постои. Храната од цистерната во силосот се префрла со примена за затворен систем цистерна-црево-силос, без можност за нејзино растурање во околината. Камион-цистерните пред влезот подлежат на детална хигиенско-санитарна процедура и минат низ дезобариера.

Средствата за чистење и дезинфекција се чуваат во лимени шкафови и нивната употреба е под надзор на Одговорното лице – Доктор по ветеринарна медицина со Лиценца за работа. Средствата за дезинсекција и дератизација се чуваат во посебни лимени шкафови и за нив важи истиот степен на надзор и контрола од Одговорното лице.

Сите ветеринарни препарати (вакцини, лекови, витамини) според склучен договор се во делокругот на надлежноста на Ветеринарната амбуланта на УниАгро, која врши нивна набавка, чување до употреба, складирање во соодветни услови во нивни простории и аплицирање според потребите. Како одговорен Создавач на отпад, УНИ АГРО врз основа на склучен договор со овластено правно лице го предава отпадот од пакувањето од ветеринарните препарати според закон, па опасности и ризици по здравјето на човекот и животната средина од нив нема.

Отпадните води од објектите за одгледување на свињите, заедно со екскрементите и водите од чистење на објектите, канализирано се одведуваат во бетонски базени. Одводните канали и бетонските базени редовно се чистат и одржуваат. Не постои можност од нивно неконтролирано претекување, истекување и предизвикување несреќи и хаварии.

Свинското ѓубриво, по биодеградација и стабилизација, од платоата редовно се подигнува и со специјално непоропусно возило се транспортира до земјоделски површини. При транспортот нема третман на отпад, бидејќи е во форма на квалитетно органско ѓубриво.

Контролата на умрени животни во објектите се врши секој ден. Умреното животно веднаш се пренесува до јамата за закопување, со што се елиминира можноста од загрозување на останатите животни. При закопувањето на животните, по процедура се користи дезинфекционо средство со кое тие се посипуваат, па потоа се затрупуваат со земја. Работникот користи лична заштитна опрема, па ризикот врз неговото здравје е сведен на минимум. Јамата задолжително е покриена со заштитен капак со мрежа, со што е спречен пристап на други животни и птици како преносителни на заразни болести.

Други ризици и потенцијални точки на контаминација, поврзани со складирањето и употребата на суровините и создадените отпади од Инсталацијата не се идентификуваат.

Врз основа на идентификуваните потенцијални незгоди и вонредни состојби се изготвуваат документи со активности во случај на вонредни состојби. Целта на овие документи е да ги идентификува значајните ризици, да ги дефинира овластувањата и одговорностите на клучните вработени, листата на задолжителни контакти, спецификација на опрема и активностите при итните ситуации.

### XII.1.3 Планирање на активности во случај на незгода или вонредна состојба

Планот за вонредна состојба се состои од претходно одредени и содветно припремени активности за реагирање и справување со итна ситуација.

Планот за вонредна состојба ги дефинира потребните активности при вонредна состојба и вклучува:

- Препознавање на потенцијални вонредни состојби
- Поставување на одговорна личност за координација (водач на тим, координатор), него заменик и луѓе одговорни за разните активности, на пример персонал обучен за противпожарна заштита, персонал обучен за справување со протекнување на отпадните води и друго (членови на тимот)
- Одговорности и должности на персоналот со определени задачи при настанување на вонредна состојба

- Опис на активностите кои што треба да се преземат и предвиденото време за реагирање
- Постапка за евакуација
- Препознавање и лоцирање на штетни материјали и активности потребни кога вакви материјали се причина за вонредната состојба
- Соработка со надворешни служби
- Комуникација со локалните власти, соседи и јавноста
- Заштита на важни документи и опрема
- Детали за вежбите
- Расположивоста на корисни информации за управување со вонредна сотојба (на пр. распоред на инсталации, податоци за штетните материјали, постапки, упатства и конакт броеви)

Планот за вонредна состоба го опишува начинот на кој раководството и персоналот ќе бидат известувани. При потреба, предвидена е можноста за известување на разни државни и локални власти, како и медиуми и за назначување на одговорно лице.

**XII.1.4 План за спречување на настанување на пожар**

Свињарската фарма Уни Агро има изработен План за делување во случај на пожар кој претставува оперативен документ со кој се обезбедува максимална заштита на имотот и вработените лица.

Една од задолженијата на одговорниот за заштита на животната средина и тимот за заштита на животната средина при елаборирање на прашањето за справување со вонредна состојба се активностите од Планот на локацијата, кој меѓу другото вклучува локации на табли со упатства во случај на незгода, односно вонредна состојба, локации на аларми, опрема за заштита на животната средина и слично. Опремата за делување во итна ситуација ја обезбедува Управителот, додека пак Одговорниот е должен најмалку еднаш месечно да ја провери функционалноста на опремата.

Опремата за делување во случај на незгода, односно вонредна состојба вклучува:

- Средства за пружање на прва помош
- Апарати за гасење на пожар
- Заштитни маски
- Телефон со секогаш достапни интерни и екстерни врски
- Мобилни телефони

Планот за спречување и настанување на пожари во Свињарската фарам Уни Агро е со следната содржина:

- Процена на загрозеноста од пожари
- Распоред на ПП апарати по објекти во фармата за свињи
- Мерки за спречување и настанување на пожари
- Мерки за дејствување при појава на пожари
- Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар

Прилог бр.XII.1-План за евакуација Свињарска фарма Уни Агро с.Амзабегово

**XII.1.4.1 Проценка на загрозеноста од пожари**

Операторот има направено проценка на загрозеноста на фармата од пожари, при која во предвид се земени дејноста која што ја врши Операторот, локацијата и објектите со кои што располага фармата, непосредното опкружување, како и намерното подметнување на пожари. Ако се земе во предвид дека претежната дејност во Инсталацијата е одгледување на свињи, се проценува дека можноста од настанување на евентуални пожари е на многу ниско ниво.

Инсталацијата е лоцирана надвор од населено место, во подрачје на земјоделска активност, на доволна оддалеченост од станбени објекти, па може да се заклучи дека поставеноста на фармата е таква да до самата фарма нема објекти кои што директно и непосредно би биле загрозени од евентуален пожар. Објектите на фармата се изградени од цврст материјал. Применетите материјали се отпорни на пожар, со што е намалена опасноста од појава и ширење на пожари. Фактот што Операторот при одгледувањето на свињи не користи слама за постилање во објектите, ја намалува можноста од појава и брзо ширење на пожарите.

Каблите се поставени над малтерот во посебни канали прописно прицврстени, со што се намалува опасноста од нивно активно горење. Каблите се од типот ПП и ППОО, а нивната сигурност е обезбедена со топливи осигурувачи.

Како најверодостојна опасност од пожар е намерното подметнување на пожар.

**XII.1.4.2 Мерки за спречување и настанување на пожар**

За да се намали бројот на причини за појава на пожар се преземаат соодветни превентивни мерки при проектирање, изградба и користење на објектите (електрични, неелектрични, градежни заштитни мерки, мерки за заштита од пожар,) користејќи едукација за подигање на ПП свеста кај вработените.

Една од мерките е редовно одржување на сите видови уреди во инсталацијата. За таа цел одговорниот за електро одржување врши постојано одржување на уредите во Инсталацијата. За состојбата и преземените мерки тој постојано го известува Управителот.

Одговорниот по ППЗ е задолжен за одржување на уредите и средствата за гасење на пожар во исправна состојба како и за изведување на практични вежби и обука за нејзино користење. За исправноста на ПП апаратите се врши редовна контрола од страна на овластен сервис на годишно ниво, при што по потреба ПП апаратите се полнат и се спремни за употреба. (Прилог бр.XII.2-Сервисен картон од ПП-апарат).

Поставени се камери со видео надзор, со што просторот на фармата е постојано контролиран и надвор од работното време, ноќе и во празници.

**XII.1.4.3 Мерки за дејствување при пожар**

Во случај на појава на пожар секој работник кој непосредно ќе се најде на местото на пожарот должен е да пристапи кон негово гасење. Доколу работникот не е во можност сам да го реализира тоа, должен е да пристапи кон известување на Противпожарната служба (ППС) Свети Николе од најблискиот телефон. Во случај на пожар одговорниот по ППЗ е должен веднаш да го извести Управителот.

Во случај кога пожарот е од поголеми размери и не може да се изгаси од присутните работници истиот треба да се евидентира и веднаш да се известат надлежните органи

односно ПП службата и Управата за внатрешни работи. Гасењето на пожар со вода се применува кога со огнот се зафатени дрво, гума, текстил, пластика кожа и слично. При гасење на овие материјали се ослободува голема количина на чад и топлина која зрачи од материјалите зафатени со огнот, па затоа тешко се локализираат. Во таков случај се дејствува со јаки млазеви вода, по капацитет и по ударна снага од одредена далечина.

Кога пожарот е згаснат треба да се употреби распрснат млаз на вода.

Ако гасењето се врши во затворен простор задолжително да се носи заштита за дишните органи. При гасење во вакви случаи мора да се води сметка за исклучување на електричната енергија.

Во случај кога од пожар се зафатени електрични инсталации, уреди и постројки, гасењето на пожарот се врши само откако ќе се исклучи струјата. Струјата од уреди со висок напон се исклучуваат во следните случаеви:

- Кога горат електрични уреди
- Кога електричните уреди се оштетени и претставуваат опасност по гасењето
- Кога електричните уреди го отежнуваат гасењето

Исклучувањето на струја со напон поголем од 220V го врши лице кое има познавање од таа област, при што не треба да се допушта да има присуство на голем број на луѓе во моментот на исклучувањето, како и електричните уреди под напон да не се допираат со метални делови. Гасењето на пожарот може да започне само откога ќе се знае дека електричните уреди не се под напон.

Водата потребна за гасење на пожарот ќе се обезбеди од водоводниот систем каде што има хидранти и од сопствниот бунар.

### XII.1.4.4 Организација на раководење и командување во локализирање и гасење на пожар

Одговорниот по дознавањето за пожарот должен е веднаш да дојде на местото на пожарот и да го преземе раководењето со неопходните активности за гасење на пожар.

Во управувањето со настанатата ситуација одговорниот должен е да:

- Да изврши проценка на настанатата ситуација на теренот

- Организира давање на ПП апарати и друга опрема
- Организира распоред на луѓето
- Наредува да се исклучи електричната енергија
- Евакуација на запалливите материи
- Евакуација на загрозените работници

Во случај расположивите луѓе да не се доволни за гасење на пожарот, тогаш гасењето го врши ПП службата од Свети Николе.

**XII.1.5 Мерки за заштита од електрична струја**

Од мерките кои се применуваат за заштита од електрична струја може да се наведат следните:

- Главната разводан табла (ГРТ) е со биметална заштита која штити од варирање на напонот
- Контрола на затворањето на разводнот орман и доколку во текот на работата го изгубиле својството на затворање, истите се поправаат или се заменуваат со нови
- Разводните ормани се достапни во секој момент за брзо исклучување во случај на пожар
- Главната склопка е јасно обележана со поимите- вклучено, исклучиено
- Покрај разводниот орман е поставен еден ПП апарат
- Заштитата на електричните мотори од машините е изведена со одговарачки релеј подесен на нормална струја што ја користи машината
- Се врши постојана контрола на уредите и водовите, па доколку се утврди оштетување истото се поправа или се заменува со ново
- Неисправните омоти на топливи осигурувачи се заменуваат со исправни
- Забрането е крпење на топливите осигурувачи

За заштита на персоналот и уредите од висок напон на допир, изведена е заштита и тоа:

- Од куса врска – со осигурувачи соодветни за секое струјно коло

- Од превисок напон на допир – со заштитено заземјување

**XII.1.6 Громобранска инсталација**

За заштита од атмосферски празнења, на фармата се инсталирани два радиоактивни громобрани (ЕЛИНД Србија), со радиоактивен извор С0 60 (Кобалт 60). Громобраните се поставени на поцинкувана челична цевка (Ф3) долга 6 метри на еден од објектите прасилиште, а еден на објектот припустилиште. За уземјување изведена е железно пицинкувана лента (30x4мм), поставена по покривот на објектите и долж нивната фасада, закопана во земја.

**XII.1.7 Хидранти**

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата со погоден извор на снабдување со цевки се доведува до хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гасење на пожар или на нив се приклучуваат ПП возилата.

Внатрешната хидрантска мрежа претставува збир на уреди што водата ја одведуваат преку црево кон настанатиот пожар.

Надворешниот хидрант (80мм) обезбедува притосок од 6barr  и минимален капацитет  од 350l/min. Операторот ги има во предвид законските одредби од Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (Сл.весник бр.26/2018) и од Правилникот за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на ПП-апаратите со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за утврдување на критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа (Сл.весник на РМ бр.26/2018).

Според овие услови за напојување на ПП цревото и гасење на пожар потребни се 350 l/min за просторен волумен на објектите што се обезбедени преку доводната постоечка цевка Ø2 (орманот со ПП црево е секогаш на дофат на задолжените лица).

**XII.1.8 Вежби**

Во Инсталацијата во периодично се спроведуваат вежби и обуки со цел проверување и потврдување на степенот на подготвеност на персоналот за справување со вонредни состојби.

**XII.1.9 Мерки за заштита од истекување**

Во Инсталацијата се преземени сите превентивни мерки за спречување на истекување на било какви супстанци. Суровините и средствата се складираат прописно, без можности за истекување. Горива не се чуваат во фармата, освен во интегрираниот резервоар на агрегатот во количини според упатството за негово користење. Масла за подмачкување има во минимални количини во Работилницата, без можности за истекување.

Во рамките на фармата има котларница која долги години не е во употреба. Резервоарите за гориво во неа не се користат.

**XII.1.10 Прва помош**

Одговорното лице за прва помош врши едукација на вработените за давање на прва помош во случај на незгода при работа.

**XII.1.11 Безбедност и здравје при работа**

Безбедноста и здравјето на луѓето е императив за раководството на Операторот, бидејќи само здрави луѓе во безбедни и контролирани услови можат да одговорат на дадените задачи кои секојдневно ги извршуваат во Инсталацијата. Согласно Законот за безбедност и здравје при работа (Сл.весник на РМ.бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Сл.весник на РСМ бр.18/20) Операторот поседува Изјава за безбедност со акт за проценка на ризик на работни места и работна средина со арх.бр.0302-113/1 од 15.12.2020г., изработен од ООБЗР Проинспект доо Скопје (Прилог бр.XII.3 – Насловна страна од Изјавата)

Покрај основните мерки за безбедност и здравје при работа на вработените, работодавачот изнаоѓа и применува нови технологии со помал ризик и во тој правец редовно одржува обука со вработените. Вработените редовно се вклучени во обуки од стручно лице во делот на безбедност и здравје при работа, за што добиваат документ со потврда за поминатата обука. Како посебни обврски на работодавачот за безбедност и здравје при работа се смета обезбедувањето на поволен амбиент за работа во работните простории, како и обезбедувањето на лични заштитни средства (ХТЗ опрема и друго).

Регулирањето на овие обврски се врши во согласност со погорецитираната Изјава за безбедност, со која е утврден и перидот на траење, односно на замена на личната заштитна опрема.

## XII.2 ДРУГИ ВАЖНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Операторот вложува напори за зголемување на степенот на заштита на животната средина и целокупната документација која ќе произлезе од спроведувањето на овие постапки (акредитации, воведување стандарди итн) ќе ја чува во сопствената евиденција, ќе ја стави на увид на вработените лица и ќе ја направи достапна на инспекциските служби.

**Попис на прилози:**

Прилог бр.XII.1-План за евакуација Свињарска фарма Уни Агро с.Амзабегово

Прилог бр.XII.2-Сервисен картон од ПП-апарат

Прилог бр.XII.3 – Насловна страна од Изјавата безбедност со акт за проценка на ризик на работни места и работна средина со арх.бр.0302-113/1 од 15.12.2020г., изработен од ООБЗР Проинспект доо Скопје

**Прилог бр.XII.1** - План за евакуација Свињарска фарма Уни Агро с.Амзабегово



## “УНИ АГРО“ СВУЊАРСКА ФАРМА - АМЗАБЕГОВО
## ПОРТИРНИЦА И ГАРДЕРОБА
## ПЛАН НА ЕВАКУАЦИЈА




ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

-Обиди се да го изгаснеш пожарот
-Не гаси жариште кое е под напон на струја
-Доколку неможеш да го изгаснеш јави се на тел.193
-Вклучи го рачниот јавувач на пожар
-Помогни во евакуација на луѓе и материјални добра
-Следи ги упатствата на одговорно лице за евакуација

ВО СЛУЧАЈ НА ЗЕМЈОТРЕС

-Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро
-Помогни во евакуација на повредени луѓе
-Следи ги упатствата на одговорно лице за евакуација
-Не паничи

**Легенда**

- -Противпожарен апарат
- -Насока на евакуација
- -Опрема за прва помош
- -Хидрант
- СМ-Собирно место



"УНИ АГРО" СВИЊАРСКА ФАРМА - АМЗАБЕГОВО
ПЛАН НА ЕВАКУАЦИЈА
ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР
-Обиди се да го изгаснеш пожарот
-Не гаси жариште кое е под напон на струја
-Доколку неможеш да го изгаснеш јави се на тел.193
-Вклучи го рачниот јавувач на пожар
-Помогни во евакуација на луѓе и материјални добра
-Следи ги упатствата на одговорно лице за евакуација
ВО СЛУЧАЈ НА ЗЕМЈОТРЕС
-Засолни се под носечки столб, рамка на врата или биро
-Помогни во евакуација на повредени луѓе
-Следи ги упатствата на одговорно лице за евакуација
-Не паничи
Легенда
-Противпожарен апарат
-Насока на евакуација
-Опрема за прва помош
-Хидрант
СМ-Собирно место
1-Портирница со гардероба
2-Управна зграда
3-Работилница
4-Гаража
5-Котлара
6-Трафостаница
7-Одгледувалиште Б-фаза
8-Прасилиште
9-Одгледувалиште А-фаза
10-Назимарник
11-Припустилиште
12-Чекалиште
13-Гоење на свињи
14-Колска вага
15-Утоварна рампа
16-Санитарна кланица
17-Крематориум
18-Базен за отпадни води
19-Јама за умрени животни
20-Сообраќајници/хортикултура
влез
СМ

**Прилог бр.XII.2** - Сервисен картон од ПП-апарат



СЕРВИС - КАРТОН

Сопственик:

Производител/год. на произв./ фабр.бр.

Овл.Правно лице / седиште / тел.

Fores SINCE 2001

Сервис за одржување, сервисирање и испитување на ПП апарати Форес Един ул „Борис Трајковски" 73 / објект 148, Скопје Тел.:02/2461190 Моб.070341203

м.п.

ЕМБС 5869650

Рег.бр.овл. СГИ08-15/2

Датум на извршен сервис Мес./год.

Маса на апарат во кг.

пра-зен | полне-ње

Контролно испитување во години

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |

Шифра на стручно лице: СГИ0825-102

Потпис на стручно лице

**Прилог бр.XII.3** – Насловна страна од Изјавата безбедност со акт за проценка на ризик на работни места и работна средина со арх.бр.0302-113/1 од 15.12.2020г., изработен од ООБЗР Проинспект доо Скопје

Овластувања бр. 207 и 208 и Решение Уп.број 10-14 од МТСП на Р.Македонија

**ИЗЈАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ СО**
**АКТ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК НА РАБОТНИ МЕСТА И РАБОТНА СРЕДИНА**

Друштво за технички испитувања консалтинг,услуги за безбедност при работа,заштита на животна средина,заштита од пожари и контрола на квалитет ПРОИНСПЕКТ ДОО
Бр. 0302-113/1
15.12.2020 год.
Скопје

**Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги УНИ АГРО увоз-извоз ДОО Велес**

Нарачател:
Друштво за вработување на инвалидни лица
за производство, трговија и услуги
УНИ АГРО увоз-извоз ДОО Велес

Овластена организација за
безбедност и здравје при работа
ПРОИНСПЕКТ ДОО